Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 09-2245/1
06.10.2022
Скопје/Shkup

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

# КОНКУРС
## за именување на извршители

Врз основа на членовите 34 и 74 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16, 142/16, 233/18 и 14/20), Министерството за правда распишува Конкурс за именување на четири извршители за:

- подрачјето на Основниот суд во Струмица и Основниот суд во Радовиш – еден извршител, кој ќе ги преземе предметите на извршителот Васил Донев од Струмица;
- подрачјето на Основниот суд во Битола и Основниот суд во Ресен – еден извршител, кој ќе ги преземе предметите од извршителот Владе Милевски од Битола;
- подрачјето на Основниот суд во Кочани, Основниот суд во Берово, Основниот суд во Виница и Основниот суд во Делчево -еден извршител, кој ќе ги преземе предметите од извршителот Зоран Стоиловски од Делчево, и
- подрачјето на Основниот суд во Штип и Основниот суд во Свети Николе - еден извршител, кој ќе ги преземе предметите од извршителот Станка Кулакова од Штип,

1. Кандидатот за извршител треба да ги исполнува условите предвидени во членот 33 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16, 142/16, 233/18 и 14/20) и тоа:

1. да е државјанин на Република Северна Македонија
2. да е деловно способно и да има општа здравствена способност, што се докажува со уверение издадено од надлежна здравствена установа од областа на медицина на трудот;
3. да е дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломиран правник со стекнати 300 кредити на правни сутдии според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС);
4. да има положено правосуден испит;
5. да има положен испит за извршител;
6. да има работно искуство на правни работи најмалку пет години по завршувањето на правни студии VII/1 степен или 300 кредити на правни студии според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС);
7. активно да го владее македонскиот јазик;
8. да не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци, или да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

9. да даде изјава пред нотар дека ќе обезбеди опрема и простор кои се потребни и соодветни за вршење на извршни работи и

10. да даде изјава пред нотар за својата имотна состојба, со сите последици од давање на лажен исказ.

2. Заинтересираните кандидати кон пријавата треба да приложат: кратка биографија, уверение за државјанство, уверение за деловна способност, лекарско уверение за општата здравствена состојба издадено од надлежна здравствена установа од областа на медицина на трудот кое не е со изминат рок од 12 месеци, диплома за завршен правен факултет, уверение за завршен правен факултет, доказ за работно искуство односно потврда за работно искуство на правни работи по завршување на правни студии, уверение за положен испит за извршител, уверение за положен правосуден испит, уверение за неосудуваност, уверение дека не му е изречена казна забрана за вршење на професијата извршител, изјава заверена кај нотар дека ќе обезбеди опрема и простор кои се потребни и соодветни за вршење на извршните работи и изјава заверена кај нотар за својата имотна состојба.

3. Кандидатите можат да се пријават за сите извршителски места, при што можат да го определат приоритетот на местата на кои сакаат да бидат именувани.

4. Рокот за пријавување на заинтересираните кандидати е 15 дена, сметано од денот на објавување на Конкурсот во „Службен весник на Република Северна Македонија"

5. Пријавите со прилози (во оригинал или фотокопии заверени кај нотар) со кои се докажува дека се исполнети условите за именување на извршител, предвидени во членот 33 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16, 142/16, 233/18 и 14/20), се поднесуваат писмено до Комората на извршители на Република Северна Македонија.

6. Кандидатите кои ќе бидат именувани за извршители ќе ги преземат предметите и ќе продолжат со работа во канцелариите на извршителите чија должност престанала.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
м-р Бојан Маричиќ


ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification